АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13 10. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5937 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 25 септември 2015 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 октомври 2015 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   -**Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   -**Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *- На 12.03.2015 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-558, 13.03.2015 година) на ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;*
   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

   *- Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 17 април 2015 година, беше констатирано дека* ***во целост постапил по решението*** *за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-558, 13.03.2015 година), односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица.*

*- На 17.08.2015 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-972, 17.08.2015 година) на ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 25 септември 2015 година, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***